23.10.21

ДО : Основниот суд Крушево
Служба за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВТОРО БАРАЊЕ за слободен пристап до информации од јавен карактер,бидејќи** ништо не ми е одговорено со Записник о 5.10.2021 со предметот СПИ 4/21

**Од Ќани Рустеми од с. Норово, Крушево**

**Во Основниот суд Крушево против мене се водеа две кривични дела,една по барање на ОЈО Прилеп, К бр.13/12 а друга по приватни кривични тужби К бр.7/12,а по УКИНУВАЊЕ на овие првостепени пресуди настана промена на бројот на предметите К бр.29/13 и К бр.24/13.**

**При донесување на пресудите К бр.29/13 од 26.02.2014 и пресудата К бр.24/13 од 26.03.2014 се прекршени многубројни одредби на ЗКП,а исто така, погрешно сум задолжен со процесни трошоци за кој Апелац.суд Битола воопшто не се произнесол vo presudata КЖ бр 337/14, по жалбеното барање за трошоци, Имено**

**Видно од Конкретните материјални ДОКАЗИ - Записниците на одржаните рочишта непобитно се утврдува:**

1. **Рочиштето одршано на ден 15.10.2012 Записник К бр 25/12,рочиштето одржано на ден 28.11.2012 Записник К бр 7/12 и рочиштето одржано на ден 7.12.2012 Записник К бр.13/12 се записници по кој се водеше споена постапка по кривичние предмети К.бр. 13/12 по обвинителниот акт и К бр 7/12 по кривичните приватни тужби и се поставува ПРАШАЊЕ ДАЛИ На адвокатот Слободан Киселоски од Прилеп му следува надоместок за застапувања само по едниот кривичен предмет К бр.13/12 или и по кривичниот предмет К бр.7/12. Така што погрешно сум задолжен со износ од 14.572,00**

**ДОКАЗ : Записници.**

2. **Видно од Записниците К бр.25/12 од 22.01.2013 и Записник К бр. 7/12 од 22.01 2013 во кои е наведено 11 часот почеток на рочиштата од каде се извлекува ЗАКЛУЧОК да Адвокатот Сл .Киселоски не патувал два пати во ист ден 22.01.2013,Прилеп Крушево така да погрешно сум задолжен со износ од 1.670.00 д. Како и одсуство од канцаларија износ од 2.496,00 или вкупно 4.166,00.**

   **3.Исто така, видно од Записниците К бр.13/12 од 5.02.2013 по Обв. акт и Записникот К бр.7/12 од 5.02.2013 по приватните тужби во кои е наведено почеток на рочиштето 10 часот што упатува на Заклучок да Адвокатот не патувал 2 пати Прилеп Крушево во ист ден 5.02.2013, туку има само едно патување, за кој ФАКТ барам да бидам информиран ДАЛИ во ист ден 5.02.2013 имало две патување што не е можно со оглед на фактот да почеток на рочиштата е 10 часот и се поставува ПРАШАЊЕ ДАЛИ Адвокатот погрешно е задолжен со Пресуда К бр.29/13 со износ од 1.670,оо како и одсуство од канцаларија нема 8 часа туку само 4 со што сум погрешно задолжен со исноc од 2.496,00 или вкупно 4.166,00, или се Вкупно 8.332,00 ден за кои прашања барам одговор од службата за јавен пристап до инфорваци.**

**НАПОМЕНА : Сите овие одржани рочишта се укинати со пресудите на Апелациониот суд Кж 517/13 и КЖ 516/13 поради што сметам да не му следува надоместок на адвокатот.**

4. Рочишта одржани ПО УКИНУВАЊЕ на ови пресуди се:

Рочиштето од 13.11.2013 Записник К бр.29/13 е одржано и му следи надоместок за сатапување на ова рочиште.

Рочиштето од 17.12.2013 по К бр.29/13 е одложено по барање на Адвокатот Петар Василески и доколку нс Слободан Киселоски треба да биде задолжен Адв Петар Василески , а не Обвинетиот Ќани кој бил присутен на рочиштето.

Закажаното рочиште за13.01.2014 е однапред одложено по барање на Ќани Рустемисо приложување на боледување и за кое рочиште нема Никаков записник, и на адвокатот не му следува надоместок за застапување бидејќи немало застапување, туку Рочиштето е презакажено од судот со покани за 14 .02.2014.Ова значи да по укинување на пресудата има само две одржани Рочиште на 13.11.2013 и на 14,02.2014, а не 4 како што побарал Адвокатот Слободан Киселоски со Трошковник од 14.02.2014 ,ФАКТ за кој барам да бидам информиран од насловот, така што сум погрешно задолжен со Пресуда на Основниот суд Крушево К бр.29/13 од 26.02.2014.и за износ од 14.572,00 или се ВКУПНО иззнос од 37.746,00 ден За бројот на одржаните рочишта барам да бидам информиран.

5 Барам да бидам информиран со фотокопиран примерок заведените мислење од ОЈО Прилеп,ВШ ЈО Битола и ЈО на РСМ.

6 Барам да бидам информиран со фотокопиран примерок за писмени докази.

7 Барам да ми се овозможи увид на списите на предметот К бр 29/13.

Со одговорот на барањето ме упстувсте нс погрешна адреса да за мислењеата од ОЈО од ВЈО ги барам од нив,а мислењата се во предметот 29/13 кој се најдува во ОЈО Прилеп,а тие се олжни да го вратат во Осн суд Крушево.

Одговорот може да имаа рок дури и до 30 дена.

Поднесител на приговорот,

Комисија за јавно и [illegible]

ОСНОВЕН СУД
СПИ-5/21
Крушево

До
Ќ.Р.
с. Н.

ИЗВЕСТУВАЊЕ:

Врз основа на чл.23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од 22.05.2019, а во врска со Вашето барање од 13.10.2021 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево Ве известува дека за слично, скоро и исто барање веќе Ви е одговорено позитивно на ден 05.10.2021 год. Но сепак, имателот-Основен суд -Крушево повторно Ви дава информација од јавен карактер по новото барање:

-Увид во списите на предметот К.бр.29/13 не може да Ви биде овозможен во овој суд, затоа што истиот се наоѓа во Основно јавно обвинителство –П. Истиот не е вратен, затоа што се уште не е одлучено по него.

-Со оглед да предметот К.бр.29/13 се наоѓа во Основно јавно обвинителство – П., а предметот К.бр.24/13 е во овој суд, не може да се уочи тоа што Вие тврдите по овие два предмети: дека имало Ваше погрешно задолжување со трошоци по постапката на име награда и нужни издатоци на адвокат С. К. од П., кои се однесуваат на патни трошоци и отсуство од канцеларија по двата предмети за кои е водена единствена постапка.

-Од друга страна, видно од предметот К. бр.24/13 (претходно носел број 7/12) во овој суд е дека Вие не сте обвинет, туку обвинети се С.Р. и С1. Р1. а во предметот К.бр.25/12 обвинет сте Вие, па независно што се водела единствена постапка, со оглед да се работело за два предмети, со повеќе обвинети, оштетени, сведоци, адвокатот повеќе часови отсуствувал од канцеларија истиот тој ден и согласно АТ за отсуство од канцеларија му следувале трошоци за секој започнат час -20% од наградата за застапување и одбрана.

-Исто така, наведувате дека за погрешното задолжување со трошоците по постапката на име награда и нужни издатоци на адвокат С.К. од П., кои се однесуваат на патни трошоци сте поднеле жалба до Апелациониот суд- Б. кој воопшто не се произнесол по жалбеното барање за трошоци.
Меѓутоа, во овој суд има правосилна пресуда ГЖ-552/15 од 03.03.2015 год. на Апелационен суд Б. со која вашата жалба е одбиена како неоснована и потврдена пресудата МАЛВП бр.19/2014 на Основен суд Крушево од 29.12.2014 год. со која е одбиено како неосновано вашето тужбено барање, тужениот Р.М. да ви ја плати штетата предизвикана со погрешно задолжување со кривични трошоци во двета кривични предмети-К.бр.24/13 и К.бр.29/13 во износ од 90.050,00 ден. со зкк сметано од денот на поднесување на тужбата до конечната исплата, каде ги имате истакнато и патните трошоци на кои сега се повикувате за две одржани рочишта во ист ден и час.
Правосилната пресуда на Апелационен суд Б. станала и извршна на 04.04.2015 год.

Фотокопирани записници со докази од ОЈО-П., Вишото Јавно обвнителство и ЈО на РСМ, Ве упатуваме дека треба да побарате од нив како имател на истите, со оглед да тоа се нивни документи.

Со почит,
19.10.2021 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска

-----------------------------------------